**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**Бр. 02-25/3**
**Скопје,05.02.2026 година**

**Записник од триесет и седма седница на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија одржана на 05.02.2026 година**

Присутни:
г-дин м-р Башким Бесими – Претседател
г-ѓа Анита Тополова Исајловска - член
г-ѓа Јелена Догазанска Колева - член
г-ѓа м-р Кети Петкова-член
г-дин Ермон Незири -член
г-ѓа Зорица Павловиќ -член
г-ѓа Светлана Стојковиќ –член

Претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија г-дин Башким Бесими констатираше дека на седницата се присутни седум члена на Советот. Истакна дека согласно предвидените точки за седницата потребно е да има мнозинство на членови, а со тоа и гласови за да се одлучува по точките од дневниот ред. Кажа дека членовите на Советот г-ѓа Анита Тополова Исајловска и г-ѓа Кети Петкова по тие точки не можат да земат учество со што остануваат само пет члена и нема услови за одлучување по предвидените точки од дневниот ред. За останатите членови на Советот Претседателот на Советот кажа дека се отсутни од оправдани здравствени и приватни причини. Од тие причини оваа седница ќе биде одложена на неодредено време.

На ден 30.03.2026 година во 10:30 часот продолжи триесет и седмата седница на Советот.

Присутни:
г-дин м-р Башким Бесими – Претседател
г-ѓа Марјана Илиеска – Заменик претседател
г-дин м-р Ненад Савески - член
г-дин Фатих Алиу -член
г-дин Ардиан Демири -член
г-ѓа Душица Димитриеска –член
г-ѓа Јелена Догазанска Колева - член
г-ѓа м-р Кети Петкова-член

г-дин Ермон Незири -член
г-ѓа Зорица Павловиќ –член
г-ѓа Светлана Стојковиќ –член

Претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија,г-дин Башким Бесими констатираше дека на седницата се присутни сите членови на Советот, со што се исполнети условите за одржување на триесет и седмата седница на Советот и воедно го предложи дневниот ред:

1. Усвојување на записникот од 36-та седница;
2. Разгледување на записникот на Комисијата по постапка за обезбедување и гарантирање на самостојност на јавните обвинители, поднесена од јавниот обвинител Ленче Ристовска;
3. Одлучување по дисциплинскиот предмет СОЖ бр.4/25;
4. Одлучување по дисциплинскиот предмет СОЖ бр.5/25;
5. Донесување на одлука за објавување на оглас за избор на јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Ресен;
6. Донесување на одлука за објавување на оглас за избор на јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Крива Паланка;
7. Донесување на одлука за објавување на оглас за избор на јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Кочани и
8. Разно.

Воедно предложи двениот ред да биде изменет и дополнет така што точките 3 и 4 ќе бидат 7 и 8 и се додаваат две точки:
- Донесување на одлука за објавување на оглас за избор на јавен обвинител во Вишото јавно обвинителство Битола;
- Донесување на одлука за објавување на оглас за избор на Виш јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство Скопје.

Вака изменетиот и дополнет дневен ред гласи:

1. Усвојување на записникот од 36-та седница;
2. Разгледување на записникот на Комисијата по постапка за обезбедување и гарантирање на самостојност на јавните обвинители, поднесена од јавниот обвинител Ленче Ристовска;
3. Донесување на одлука за објавување на оглас за избор на јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Ресен;
4. Донесување на одлука за објавување на оглас за избор на јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Крива Паланка;
5. Донесување на одлука за објавување на оглас за избор на јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Кочани;
6. Донесување на одлука за објавување на оглас за избор на Виш јавен обвинител во Вишото јавно обвинителство Битола;
7. Донесување на одлука за објавување на оглас за избор на Виш јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство Скопје;
8. Одлучување по дисциплинскиот предмет СОЖ бр.4/25;
9. Одлучување по дисциплинскиот предмет СОЖ бр.5/25 и
10. Разно.

Вака изменетиот и дополнет дневен ред едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

-Под точка еден од дневниот ред едногласно беше усвоен записникот од 36-та седница на Советот.

-Под точка два од дневниот ред, претседателот на Советот г-дин Башким Бесими кажа дека по приемот на Известувањето за нарушување на самостојноста во извршувањето на јавнообвинителската функција доставено од јавниот обвинител Ленче Ристовска,во Советот е формиран предметот Ро.бр.03-3/1-2026, по што согласно Законот за Советот на јавните обвинители и Деловникот за работа била формирана Комисија која изготвила записник кој бил поделен на сите членови на Советот,па и даде збор на г-ѓа Марјана Илиевска која е член на Комисијата.

Г-ѓа Марјана Илиеска кажа дека до Советот на јавните обвинители од страна на јавниот обвинител Ленче Ристовска е доставено Известување за нарушување на нејзината самостојност во извршувањето на јавнообвинителската функција.Јавниот обвинител навел дека постоело надворешно нарушување на нејзината самостојност и професионален интегритет во извршувањето на функцијата, бидејќи постапувала по два предмети во која политичката партија ВМРО ДПМНЕ како правно лице се јавува во својство на обвинет,па смета дека постапувањето по истите е во контекс на нападите кон неа кои започнале уште во текот на 2018 година. Понатаму наведува дека во текот на месец септември 2025 година од страна на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија јавно на брифинг со новинари биле искажани невистини за нејзините примања,кои истата ги почувствувала како напад врз нејзиниот интегритет и дека на веб страната на политичката партија ВМРО ДПМНЕ било објавено соопштение со клевети, навреди и квалификации со јасна порака за „крај", „вистинска правда" и други формулации, кои во конкретниот контекст добивале карактер на политички притисок и индиректна закана за нејзината кариера. По однос на овие наводи јавниот обвинител Ленче Ристоска наведува дека не иницирала постапка за заштита на самостојноста, од причини што не постоел подзаконски акт за постапката за заштита на ова право на јавните обвинители пред Советот.Но, по стапувањето во сила на Правилникот за начинот на водење на постапка за обезбедување и гарантирање на самостојноста на јавните обвинители донесен на ден 11.11.2025 година јавната обвинителка имала основаност да побара заштита на своето право како јавен обвинител, откако во месец Јануари 2026 година во интервју за порталот Vecer.mk од страна на Претседателот на Владата биле изнесени неточни и понижувачки квалификации нарекувајќи ја „медиокритет" со „клиентелистичко-политичка матрица", поврзувајќи ја со измислени наводи за изјави кои никогаш не ги дала, поради што подносителката смета дека постои надворешно нарушување на нејзината самостојност со што се загрозува нејзиниот професионален интегритет и се нарушува самостојното, одговорно,законито, непристрасно и објективно извршување на нејзината јавнообвинителска функција.

Членовите на Комисијата постапувајќи согласно Правилникот за начинот на водење на постапка за обезбедување и гарантирање на самостојноста на јавните обвинители, ја ценела содржината на поднесеното известување од аспект дали таквите изјави на Претседателот на Владата претставуваат дејствие со кое се врши надворешно влијание врз постапувањето на јавниот обвинител подносител на известувањето.По извршената анализа на известувањето и увидот во приложените докази од страна на членовите на комисијата се утврдило дека во предметните изјави на Премиерот не бил наведен, ниту пак на било кој начин идентификуван конкретен јавен обвинител, ниту пак изјавите биле поврзани со постапување по конкретни предмети, или со донесување на конкретна јавнообвинителска одлука.Отсуството на индивидуализација на јавниот обвинител подносител на известувањето за наводната повреда ја исклучува можноста да се утврди реално и конкретно влијание врз самостојноста на јавниот обвинител и не може да се доведе во причинско последична врска со самостојноста во одлучувањето.Иако изјавите на Премиерот може да се ценат како вредносни или критички, членовите на Комисијата сметаат дека истите не претставуваат повреда на професионалниот интегритет на јавниот обвинител бидејќи не биле проследени со дејствија кои би ја довеле во прашање нејзината законска положба, надлежност или самостојност во одлучувањето.Смета дека со оглед на погоре изнесеното согласно чл.6 од Правилникот за начинот на водење на постапка за обезбедување и гарантирање на самостојноста на јавните обвинители, Советот треба да донесе заклучок со кој ќе се утврди дека не постои надворешно нарушување на самостојноста на јавниот обвинител Ленче Ристоска во извршувањето на јавнообвинителската функција.

По изнесување на содржината на Мислењето кое е изготвено од Комисијата , збор зема г-дин Ардиан Демири како член на Комисијата кој истакна дека презентираното Мислење е став на Комисијата која била едногласна .

Откако никој друг не зема збор претседателот на Советот г-дин Башким Бесими, го стави на гласање предлогот да се донесе заклучок со кој се утврдува дека не постои нарушување на самостојноста при извршувањето на јавнообвинителската функција на јавниот обвинител Ленче Ристоска.

Од страна на членовите на Советот едногласно беше усвоен :

**Заклучок: се утврдува дека не постои надворешно нарушување на самостојноста на јавниот обвинител Ленче Ристоска во извршувањето на јавнообвинителската функција .**

- Под точка три од дневниот ред претседателот на Советот г-дин Башким Бесими предложи Советот да донесе одлука за објавување на оглас за избор на јавен обвинител во ОЈО Ресен од причина што во ова јавно обвинителство нема ниту еден јавен обвинител.

Предлогот на претседателот на Советот беше прифатен од страна на членовите на Советот.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ донесе одлука за објавување на оглас за избор на еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Ресен.**

-Под точка четири од дневниот ред претседателот на Советот г-дин Башким Бесими предложи Советот да донесе одлука за објавување на оглас за избор на јавен обвинител во ОЈО Крива Паланка од причини што и во ова јавно обвинителство нема ниту еден јавен обвинител.

Предлогот на претседателот на Советот беше прифатен од страна на членовите на Советот.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ донесе одлука за објавување на оглас за избор на еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Крива Паланка.**

- Под точка пет од дневниот ред претседателот на Советот г-дин Башким Бесими предложи Советот да донесе одлука за објавување на оглас за избор на еден јавен обвинител во ОЈО Кочани од причини што во ова јавно обвинителство нема доволен број на јавни обвинители.

Предлогот на претседателот на Советот беше прифатен од страна на членовите на Советот.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ донесе одлука за објавување на оглас за избор на еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Кочани.**

- Под точка шест од дневниот ред претседателот на Советот г-дин Башким Бесими предложи Советот да донесе одлука за објавување на оглас за избор на еден јавен обвинител во ВЈО Битола од причини што во моментот има само двајца јавни обвинител, кој број е недоволен за обемот на работата на ова ВЈО .

Предлогот на претседателот на Советот беше прифатен од страна на членовите на Советот.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ донесе одлука за објавување на оглас за избор на еден јавен обвинител во Вишото јавно обвинителство Битола.**

- Под точка седум од дневниот ред претседателот на Советот г-дин Башким Бесими предложи Советот да донесе одлука за објавување на оглас за избор на Виш јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство Скопје, од причини што на последниот избор ниту еден од кандидатите не го доби потребното мнозинство и во ова јавно обвинителство функцијата јавен обвинител ја обавува вршител на должноста .

Предлогот на претседателот на Советот беше прифатен од страна на членовите на Советот.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ донесе одлука за објавување на оглас за избор на Виш јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство Скопје.**

-Под точка осум од дневниот ред претседателот на Советот г-дин Башким Бесими ги извести членовите дека станува збор за предмети по дисциплинска постапка, па заради заштита на угледот и интегритетот на јавните обвинители, предложи јавноста да биде беше исклучена согласно член 10-а од Законот за Советот на јавните обвинители.

Предлогот за исклучување на јавноста беше прифатен од страна на членовите на Советот , по што јавноста ја напушти седницата .

Од причини што јавниот обвинител на РСМ е овластен предлагач во дисциплинската постапка истиот не може да учествува на седницата, поради што јавниот обвинител на РСМ ја напушти истата.

Збор зема г-ѓа Кети Петкова која кажа дека согласно член 10-б од Законот за Советот на јавните обвинители на РСМ и член 75 од Законот за судир на интереси постојат околносто кои може да предизвикаат сомнеж во нејзината пристрасност, поради што побара од тие причини да биде изземена од одлучувањето по овие два предмета.

Од страна на членовите на Советот беше прифатено барањето на членот на Советот, г-ѓа Кети Петкова за изземање , по што истата ја напушти седницата по овие две точки од дневниот ред.

По предметот СОЖ бр.4/25 претседателот на Советот г-дин Башким Бесими и даде збор на г-ѓа Зорица Павловиќ која како член на Комисијата која постапувала по жалба го реферираше предметот пред членовите на Советот. Кажа дека за Вишиот јавен обвинител на ВЈО Скопје Мустафа Хајрулахи, Дисциплинската комисија дала предлог за разрешување, а на јавниот обвинител Јован Цветановски му била изречена дисциплинска мерка намалување на месечна плата во износ од 30% од исплатена нето плата во траење од шест месеци.Против донесеното решение и двајцата јавни обвинители вложиле навремени жалба, а жалба вложил и јавниот обвинител на РСМ на одлуката на Комисијата која се однесува на јавниот обвинител Јован Цветановски. Комисијата формирана од Советот ги разгледала жалбите, по што дала мислење на 12.01.2026 година,кое било доставено до членовите на Советот.

Збор зема претседателот на Советот г-дин Башким Бесими во врска со предметот СОЖ.бр.4/25. Истакна дека по детална анализа на Решението и жалбите по однос на јавниот обвинител Јован Цветановски може да се утврди дека постојат сериозни правни основи за укинување на Решението и враќање на предметот на повторно разгледување. Истакна дека забелешките можат да се подведат под неколку клучни точки.Имено од Решение на дисциплинската комисија произлегува дека четирите предмети по кои е утврдена дисциплинска одговорност биле реферирани пред Вишиот јавен обвинител.Иако Комисијата утврдила дека предметите биле реферирани, пропуштила да утврди каков став заземал Вишиот јавен обвинител при реферирањето, особено ако се има предвид фактот дека Законот за јавно обвинителство на РСМ го воспоставува принципот на хиерархија и субординација, согласно кој принцип Вишиот јавен обвинител има хиерархиска надлежност над јавните обвинители во своето обвинителство, а со оваа

законска одредба е усогласен и членот 37 од Правилникот за внатрешно работење кој предвидува дека заземениот став при реферирање е задолжителен. Дисциплинската Комисијата го товари Вишиот јавен обвинител на ВЈО Скопје затоа што дал согласност при реферирањата,а истовремено и вишиот јавен обвинител Јован Цветановски затоа што постапил по таа согласност.Ваквото двојно товарење укажува на тоа дека фактичката состојба не е целосно и правилно утврдена, бидејќи Комисијата не го разграничила прашањето на одговорност, не утврдила дали Цветановски постапувал по сопствена одлука или по задолжителен став на претпоставениот заземен при реферирањето. За еден од предметите Комисијата сама констатирала дека записникот за главна расправа не бил во списите на предметот, но сепак, му припишува на јавниот обвинител „погрешно прикажување на фактите." Доколку записникот не бил во списите, јавниот обвинител не можел да го провери неговиот точен текст, поради што не може да му се припише намерна грешка при постоење на фактот дека немал физички пристап до оригиналот.Исто така во вложената жалба е истакнато дека јавниот обвинител навел дека за секој предмет составил службена белешка со образложени причини и укажување до првостепениот обвинител,согласно задолжителните упатства. Ако ова е точно, овие документи се директно релевантни за оценка на тоа дали неговото постапување било „намерно и неоправдано," но Комисијата не ги зела предвид овие службени белешки, не ги анализирала , ниту се произнела по овие наводи.Имајќи ги предвид наведените констатирани недостатоци истакна дека смета дека Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија , треба да донесе одлука со која ќе го го укине Решението А.бр. 03-834/13 во делот кој се однесува на јавниот обвинител Јован Цветановски ,со што предметот ќе го врати на повторно постапување пред Дисциплинската комисијата,со задолжителни напатствија :да се произнесе по сите процесни приговори поднесени од јавниот обвинител Јован Цветановски; да утврди каков став зазел Вишиот јавен обвинител при реферирањето по секој од четирите предмети; да се утврди дали Јован Цветановски постапил согласно или спротивно на заземениот став;да изврши поединечна анализа на доказите, вклучувајќи ги службените белешки и укажувањата на јавниот обвинител, како и да се разграничи прашањето на одговорност меѓу претпоставениот и подредениот во контекст на принципот на хиерархија и субординација.

Претседателот на Советот по однос на содржината на првостепеното Решение , поточно по предлогот за разрешување доставен од Комисијата кој се однесува на Вишиот јавен обвинител истакна дека Вишиот јавен обвинител Мустафа Хајрулахи на 05.12 2025 година поднел барање за престанок на функцијата Виш јавен обвинител на ВЈО Скопје, кое барање согласно Законот за јавно обвинителство на 09.12.2025 година на Седница на Советот е констатиран престанок на функцијата , поради што во овој дел постапката согласно Законот се запира .

Збор зема заменик претседателот на Советот г-ѓа Марјана Илиеска која кажа дека ,имајќи го во предвид фактот што јавниот обвинител на

Вишото јавно обвинителство бил непосреден раководител на со првостепената одлука казнетиот јавен обвинител , смета дека истиот постапувал во услови на хиерархиска поставеност. Се согласува со предлогот истакнат од Претседателот на Советот, бидејќи и самата смета дека е неопходно потребно повторно да се оцени индивидуалната одговорност на вишиот јавен обвинител,особено во контекст на хиерархиските односи и влијанието на Вишиот јавен обвинител во донесувањето на одлуките од страна на јавниот обвинител, посебно да се утврди дали сите предмети биле реферирани, какви ставови биле донесени од страна на колегиумот и дали обвинителот постапувал согласно заклучоците и изнесените ставови при реферирањето.Поради тоа се согласува со предлогот на Претседателот,одлуката на Комисијата за утврдување на дисциплинска одговорност да се укине и предметот да се врати на Дисциплинската комисија на повторно разгледување и одлучување со цел донесување на правилна и законска одлука.

Збор зема г-ѓа Душица Димитроска која кажа дека анализирајќи ги списите во предметот и наводите во жалбата на јавниот обвинител , смета дека првостепената одлука треба да се укине и предметот да се врати на повторно постапување на Дисциплинската комисија со цел да се разгледаат сите околности и наводи , со што правилно да се утврди состојбата по однос на овој дисциплински предмет.

Откако никој друг не зема збор претседателот на Советот г-дин Башким Бесими го заклучи претресот по одлуката за дисциплинска мерка , по што ја повика јавноста да се врати на седницата по што се пристапи кон гласање.

Јавноста се врати во салата со цел понатамошно следење на седницата на Советот.

Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими истакна дека согласно член 94 од Законот за јавното обвинителство и член 51 од Законот за Советот на јавните обвинители на РСМ, одлуката на Комисијата Советот може да ја укине, потврди или преиначи.Истакна дека од самата дискусија по оваа точка особено по изнесениот предлог од негова страна кој беше подржан и од други членови на Советот, треба да се стави на гласање предлогот со кој одлуката на Дисциплинската комисија во делот кој се однесува на одлуката за дисциплинска мерка за вишиот јавен обвинител Јован Цветановски да се укине и предметот да биде вратен на повторно разгледување и постапување на Дисциплинската комисија, како и предлогот за запирање на дисциплинската постапка за Вишиот јавен обвинител на ВЈО Скопје .

**Членовите едногласно одлучија: одлуката на Дисциплинската комисија во делот кој се однесува на одлуката за дисциплинска мерка за вишиот јавен обвинител Јован Цветановски да се укине и предметот да биде вратен на повторно разгледување и постапување на Дисциплинската комисија.**

Претседателот на Советот го стави на гласање предлогот за запирање на дисциплинската постапка која се однесува на Вишиот

јавен обвинител на ВЈО Скопје Мустафа Хајрулахи од причини што на 09.12.2025 година на Седница на Советот е констатиран престанок на функцијата по негово барање .

**Членовите едногласно одлучија да се запре дисциплинската постапка која се однесува на Вишиот јавен обвинител на ВЈО Скопје Мустафа Хајрулахи .**

Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими истакна дека по донесувањето на одлуката за изречената дисциплинска мерка Советот треба да донесе одлука и за барањето истакнато како посебен предлог истакнат под точка II во жалбата на јавниот обвинител во Вишото јавно обвинителство Скопје, Јован Цветановски изјавена против одлуката за оддалечува од вршењето на функцијата јавен обвинител во предметот СОЖ.БР.4/25. Ова особено што ,Советот во претходната точка донесе Одлука со која одлуката на Дисциплинската комисија во делот кој се однесува на одлуката за дисциплинска мерка за вишиот јавен обвинител Јован Цветановски се укина и предметот се враќа на повторно разгледување и постапување на Дисциплинската комисија.

Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими истакна дека со оглед на денес донесената одлука, нецелисходно е во оваа фаза на постапката, во услови кога се изведени сите материјални и вербални докази а предметите кои се предмет на дисциплинската постапка се правосилни и на истите јавниот обвинител не може да влијае, смета дека не постојат основи за понатамошно опстојување на мерката отстранување од вршењето на функцијата , особено што и согласно ЗЈО и одредбите кои ја регулираат дисциплинската постапка не е облигаторно оддалечувањето на функцијата додека трае дисциплинската постапка. Истакна дека Советот треба да одлучи дали ќе се стави вон сила Решението со кое е оддалечен од функцијата вишиот јавен обвинител Јован Цветановски и истиот да се врати на работа или истата ќе остане на сила ,по што отвори расправа.

Збор зема г-ѓа Зорица Павловиќ која предложи суспензијата-отстранувањето од вршењето на функцијата на јавниот обвинител Јован Цветановски да биде укината со што јавниот обвинител да се врати на работа и да почне да си ги извршува своите работни задачи.

Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими го стави на гласање предлогот, да се стави вон сила Решението со кое е оддалечен од функцијата вишиот јавен обвинител Јован Цветановски и истиот да се врати на работа .

**Членовите на Советот едногласно одлучија да се стави вон сила Решението со кое е оддалечен од функцијата вишиот јавен обвинител Јован Цветановски и истиот да се врати на работа во ВЈО Скопје.**

- Под точка девет од дневниот ред претседателот на Советот г-дин Башким Бесими и даде збор на членот на Советот, г-ѓа Светлана Стојковиќ која беше член на Комисијата формирана од Советот за разгледување на предметот СОЖ 5/25.

Г-ѓа Светлана Стојковиќ кажа дека во Советот на јавните обвинители е оформен предмет СОЖ бр.5/25 по повод предлог за разрешување на Виш јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство Скопје, поднесен од страна на Комисијата за утврдување дисциплинска одговорност на јавен обвинител во вршење на јавнообвинителската функција со решение од 20.06.2025 година. Појасни дека со ова решение во став II е утврдено дека Вишиот јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство Скопје, Мустафа Хајрулахи е одговорен за сторена тешка дисциплинска повреда од член 91 алинеја 6 од Законот за јавното обвинителство и како резултат на тоа се предлага за сторената тешка дисциплинска повреда да му биде изречена дисциплинска мерка – разрешување. Советот согласно законот е орган кој постапува по предлогот за разрешување и одлучува за разрешување на јавен обвинител. Така формирана е Комисија за постапување по жалба/предлог за разрешување при Советот. Во фаза на разгледување на предлогот пред Комисијата, Вишиот јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство Скопје Мустафа Хајрулахи достави барање на 04.12.2025 година, согласно член 87 став 1 точка 1 од Законот за јавното обвинителство, да се констатира престанок на функцијата јавен обвинител по сопствено барање. На одржаната седница од 09.12.2025 година Советот донесе одлука со која на јавниот обвинител и Виш јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство Скопје - Мустафа Хајрулахи, му се утврдува престанок на функцијата јавен обвинител по сопствено барање. Со оглед на тоа, односно на јавниот обвинител против кој се води дисциплинска постапка во меѓувреме му престанала функцијата јавен обвинител, смета дека Советот по повод предлогот за разрешување, а по службена должност треба да донесе одлука за запирање на постапката по овој дисциплински предмет.

Никој друг член не зема збор .

Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими го стави на гласање предлогот да се запре постапката по предметот СОЖ.бр.5/25, оформен по Предлогот на дисциплинската комисија за разрешување на вишиот јавен обвинител на ВЈО Скопје Мустафа Хајрулахи, поради престанокот на функција јавен обвинител.

**Членовите на Советот едногласно одлучија да се запре постапката по предметот СОЖ.бр.5/25 оформен по Предлогот на дисциплинската комисија за разрешување на вишиот јавен обвинител на ВЈО Скопје Мустафа Хајрулахи поради престанокот на функција јавен обвинител.**

По заршувањето на гласањето по овие точки членот на Советот г-ѓа Кети Петкова се врати на седницата.

-Под точка разно од дневниот ред претседателот на Советот г-дин Башким Бесими ги информираше членовите на Советот дека од страна на Нотарската Комора на РСМ до Советот е доставен допис во кој се бара Советот да номинира член и заменик член на Дисциплинската комисија при НКРСМ, по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема г-дин Ардиан Демири кој за член на Дисциплинската комисија при НКРСМ го предложи јавниот обвинител во ЈОРСМ Исмаил Дарлишта.

**Предлогот едногласно беше прифатен од страна на членовите на Советот.**

Збор зема заменик преседателот на Советот г-ѓа Марјана Илиевска која за заменик член на Дисциплинската комисија при НКРСМ го предложи јавниот обвинител во ОЈО Прилеп Стевчо Биновски.

**Предлогот едногласно беше прифатен од страна на членовите на Советот.**

Откако никој не зема збор, претседателот на Советот г-дин Башким Бесими ја заклучи триесет и седмата седница на Советот.

Записникот го водел
Генерален Секретар
Аспарух Мисајловски

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател**
**Башким Бесими**